# 10.

# ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

народна
и универзитетска
библиотека
„климент охридски"
скопје

НАРОДНА
И УНИВЕРЗИТЕТСКА
БИБЛИОТЕКА
„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
СКОПЈЕ

# X. ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

9 — 25 МАЈ 1979

САЛОН НА НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

ЈУНИ — УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА, КУМАНОВО

ЈУЛИ — РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ЈОСИФ СВЕШТАРОТ“, СТРУМИЦА

АВГУСТ — УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „МОША ПИЈАДЕ“ БИТОЛА

СЕПТЕМВРИ — ЛИКОВНИ СУСРЕТ, СУБОТИЦА

ОКТОМВРИ — ДОМ НА КУЛТУРАТА „М. ЦЕПЕНКОВ“, ПРИЛЕП

1979

АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ

БЕЌАРОВСКИ НАСО

БИКОВ ДРАГАН

ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН

ГАВРОВСКИ АНГЕЛ

ГЕГОСКИ КИРИЛ

ГЕОРГИЕВСКИ ВЛАДИМИР

ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ

ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ

ИВАНОСКИ АЛЕКСАНДАР — КАРАДАРЕ

ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО

КОНДОВСКИ ДИМИТАР

КОСТОВ ВАСИЛ

КРМОВ ТОМИСЛАВ

КРСТЕВСКИ ЃОКО

КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ

МАЛИДАНОВ ДИМИТАР

МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ

НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ

ОРДЕВ ДАНЧО

ПЕРЧИНКОВ ДУШАН

ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА

СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО

ТЕМКОВА АНА

УНКОВСКА БИЛЈАНА

ФИЛИПОВСКИ АЦО

ФРАНГОВСКИ НОВЕ

ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА — ГРАНКА

ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ

ШЕМОВ СИМОН

# П Р А В И Л Н И К
## на Графичката изложба на ДЛУМ

**Општи одредби**

Графичката изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија (во понатамошен текст ДЛУМ) се одржува секоја година, а организатор и реализатор е Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје (во понатамошен текст библиотека).

Изложбата се приредува во чест на „Први мај" — меѓународниот празник на работникот, „4 мај" — денот на загинувањето на великанот на македонскиот народ — Гоце Делчев и „9 мај" — денот на победата над фашизмот.

Изложбата се отвора меѓу 3 и 10 мај во изложбениот салон на Библиотеката.

Графичката изложба на ДЛУМ презентира дела настанати во последната година, односно дела настанати во период од една до друга изложба.

**Цел на изложбата**

Организаторот на изложбата сака да ги прикаже најзначајните достигнувања во ликовното творештво на графиката во СРМ, земајќи го за критериум ликовниот квалитет, а без оглед на техниката, стилот и ликовната насоченост.

Изложбата има за цел да го анимира ликовниот живот на графиката во СРМ, презентирајќи ја изложбата во целина, или извесни нејзини делови низ општинските центри и работни колективи во Републиката, како и презентирање на македонската современа графика во други центри на СФРЈ.

**Организација на изложбата**

Изложбата ја организира Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје.

Изложбата има постојан организационен и работоводен одбор кој се состои од 3 члена и жири комисија за доделување на награди од 5 члена.

**Работоводниот одбор има задача да:**

- ги повикува уметниците за учество на изложбата.
- ја постави изложбата.
- направи програма каде се ќе биде презентирана изложбата.
- ги изврши работите околу припремањето и публикувањето на каталогот.
- ја информира јавноста.

Жири комисијата работи во полн состав и нејзината одлука е конечна.

Во жири комисијата можат да бидат кооптирани и членови од други организации, доколку организациите доделуваат награди или откупни награди.

Наградата „Моша Пијаде" ја доделува уметничкиот совет на ДЛУМ.

**Услови за изложување**

Право на изложување имаат сите членови на ДЛУМ и гости поканети од организаторот.

Членовите на ДЛУМ и поканетите гости добиваат писмени покани со условите на изложбата.

Работите што ќе пристигнат после определениот рок нема да бидат земени во обзир.

Работите што биле пријавувани или изложувани на поранешните графички изложби на ДЛУМ, нема да бидат земени во обзир.

За веродостоен податок за староста на делото се зема податокот што го дал авторот.

Организаторот може од технички и други причини да го намали бројот на експонатите.

Организаторот има право да не изложи некој експонат ако не е во склад со позитивните законски прописи.

Делата што ќе бидат изложени не можат да се подигнат до затворањето на изложбата во Библиотеката и до затворањето на изложбата на последното место од програмата на изложувањето.

**Начин на праќање и враќање на работите**

Работите за изложбата треба да бидат доставени на адреса: Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, „Булевар Гоце Делчев" б.б. — 91000 Скопје.

Уметниците ги праќаат или доставуваат работите на одредиштето на свој трошок, а организаторот е обврзан после завршената ликовна манифестација да ги врати работите на авторите.

Уметниците работите ги обезбедуваат во соодветно пакување со амбалажа која би можела да послужи при враќањето на делата.

**Документација на изложбата**

Со пријавата на поканата од организаторот, уметникот ги прифаќа сите услови назначени во правилникот на изложбата.

Организаторот репродукува по едно дело од секој автор за потребите на каталогот.

**Информативно пропагандна активност**

Организаторот издава каталог со документација за сите автори и дела.

Сите учесници добиваат бесплатно, по еден примерок од каталогот.

Уметниците се одрекуваат од правата на надокнада за репродукувањето на делата во каталогот, како и за другата пропаганда на изложбата.

Организаторот ќе ја извести јавноста по пат на покана за отворањето на изложбата, плакат, печат, радио, телевизија и тн.

**Продавање на делата**

Изложбените работи се продаваат и откупуваат по цените кои ги насочиле авторите. Во колку цената не е назначена од авторот ќе се смета дека делото не е за продавање.

Продадените или откупените дела не се предаваат на купувачот пред затворањето на изложбата.

**Награди**

На денот на отворањето на изложбата, претставник на самоуправните органи на Библиотеката ќе ги прочита наградите.

Наградите се:

— награда „Моша Пијаде" на ДЛУМ.
— две рамноправни откупни награди на Библиотеката — награда НУБ „Климент Охридски"
— откупна награда на музејот на современата уметност — Скопје.
— откупни награди на општествени тела, работни организации и др.

Бројот на откупните награди не е порано утврден.

**Преодни и завршни одредби**

Овој правилник стапува на сила на денот на донесувањето од страна на организаторот на изложбата.

## УЧЕСНИЦИ НА ГРАФИЧКАТА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ 1970—1978

### 1970

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНЛЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ
НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
ПОПОВСКИ РАДМИЛО
СОТИРОВСКИ ДУШКО
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

### 1971

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
СОТИРОВСКИ ДУШКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

### 1972

БАРУТОВСКИ БОЖИН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
ПЕТРОВ ЈОВАН
СОТИРОВСКИ ДУШКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1973

БИКОВ ДРАГАН
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МАРКОВСКА ДАНИЦА
ПЕТРОВ ЈОВАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
ШЕМОВ СИМОН

### 1974

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕТРОВ ЈОВАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1975

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ПЕТРОВ ЈОВАН
ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА
СОТИРОВСКИ ДУШКО
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1976

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

### 1977

АВРАМОВСКИ СТАВРЕ
БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
КОСТОВ ВАСИЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТАНЧЕВ КОСТАДИН — ДИНКА
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

1978

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ГЕОРГИЕВСКИ ВЛАДИМИР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО
КОНДОВСКИ ДИМИТАР
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
ЛАЗАРЕВСКИ ЗОРАН
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКО ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА — ГРАНКА
ШЕМОВ СИМОН

ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА „МОША ПИЈАДЕ“ НА ДЛУМ

1970 — ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР
1971 — БАРУТОВСКИ БОЖИН
1972 — КРМОВ ТОМИСЛАВ
1973 — МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
1974 — БИКОВ ДРАГАН
1975 — ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
1976 — ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
1977 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
1978 — БЕЌАРОВСКИ НАСО

ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ЗА ГРАФИКА

1975 — МАЛИДАНОВ ДИМИТАР

1976 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
— СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО

1977 — БИКОВ ДРАГАН
— ТАНЧЕВ КОСТАДИН — ДИНКА

1978 — ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
— КРМОВ ТОМИСЛАВ

## СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ГРАФИКА

Графиката како еден од видовите на севкупното ликовно творештво веќе од поодамна не е споредна гранка. Таа сè повеќе ги содржи во себе сите оние естетски, формални и содржински белези што долго се сметале за привилегија на сликарството и скулптурата. Графиката главно ги следи токовите по кои одеше и современото југословенско сликарство и скулптура. Само понекогаш доаѓа до отстапување во тој взаемен развој поради специфичната природа на техничко-технолошките средства и мошне често нивниот недостиг за постигнување на занаетчиска перфекција. Од друга страна, графиката овозможува со најрационални средства преку емоциите, творечките способности и познавањето на занаетот да се пренесе пораката на уметникот. Со можностите за нејзино масовно репродуцирање, за полесна набавка од страна на поголем круг љубители на уметноста, се постигнува и најбитната интенција на нашето општество за социјализацијата на уметничката мисла. Поинтимниот карактер на графичката уметност е во склад со современите уметнички настојувања за непосреден израз на новата животна содржина на нашево време, најдобар и најразновиден одраз на денешницата со сите проблеми и трауми што ја оптоваруваат. Графиката е медиум преку кој се воспоставува најнепосреден можен контакт помеѓу уметникот и публиката.

Современата југословенска графика своите почетоци ги одбележа уште во предвоениот период, особено во средини како што се СР Словенија, Хрватска и Србија. Таму постоеше, пред сè, повеќегодишна традиција за негување на графиката и нешто поповолни економско-социјални услови за нејзиното изведување, кое и тогаш беше сведено главно на наједноставните графички техники: дрворез, линорез, литографија и бакропис. Стилски, графиката во IV деценија се движеше на релациите на интимистичкиот израз и експресионизмот во повеќе варијанти од една страна и социјално-ангажираната графика од друга страна.

Стилскиот развиток за време на НОБ и Револуцијата претставува продолжување на содржинските и идејно-експресионистичките и реалистичките тенденции со социјален призвук во предвоената графика. Во овој бурен период од историјата на југословенските народи графиката, покрај цртежот, беше најпогодната ликовна техника за брзи реакции и забелешки за виденото и доживеаното. Таа најнепосредно ја одигра својата хуманистичка мисија во смисла на осудувањето на милитаризмот.

Во периодот на соцреализмот, во повоените години (1945—1950), се одржува континуитет со предвоената социјално интонирана графика и со партизанската графика. Тоа е всушност повеќе продолжување, отколку некоја битна промена која, во колку ја има, се состои само во содржинската компонента.

Современата југословенска графика својот вистински креативен подем го отпочнува кон средината на VI деценија, за да се развива континуирано по нагорен пат, сè до денес.

Во првите повоени години графиката беше концентрирана и главно изведувана во трите големи југословенски центри: Љубљана, Загреб и Белград, на графичките оддели при Академиите, водени од искусни педагози и уметници-графичари. После еден мал застој, непосредно по војната, кон почетокот на 50-те години доаѓа до активирање на графичкиот израз и до првите пробиви на современата југословенска графика и надвор од земјата. Така, во 1955 година, група југословенски графичари за прв пат излагаа на Биеналето во Венеција. Покрај интензивната дејност на љубљанската графичка школа, мошне значаен настан за развитокот на графиката претсавува отворањето на I меѓународно графичко биенале во Љубљана, кое овозможи континуирано следење на графичкиот феномен во светот и кај нас. Загрепските изложби на современата југословенска графика кои нешто подоцна се организираа, беа конципирани со интенција временски да бидат поставувани помеѓу две љубљански биенала како би се овозможило секоја година согледување и следење на современата светска и југословенска графика. Во Загреб се основа и Кабинет на современата југословенска графика при ЈАЗУ, кој денеска располага со огромен фонд на графички листови. Развитокот на повоената српска графика е поврзан со основањето на Галеријата на Графичкиот колектив во Белград во 1949 година, а веќе во наредната 1950 се печатат и првите графики. Се поставуваат основите на уште еден графички центар, во кој, покрај српските излагаат и графичари од другите наши републики и од странство. Во 1967 година графичарите успеаа да постигнат рамноправен третман на графиката со другите ликовни дисциплини и да излагаат на III триенале на југословенската уметност во Белград. Во Нови Сад дејствува поголем број талентирани графичари. Со формирањето на Ликовните средби во Суботица, кои покрај другото секоја година организираат изложби на современата југословенска графика, се создава уште еден графички центар. Во Сараево во почетокот на VII деценија околу новоснованата Академија за ликовни уметности се собираат уметници-графичари и го формираат Графичкиот отсек. Од Академиите во Белград и другите центри излегоа неколку уметници со усет за графички израз кои денес дејствуваат во Приштина.

Во Скопје од 1948 година при Училиштето за применета уметност постои графички отсек. Тогаш и се поставуваат основите на современата македонска графика и се отпочнува со нешто поорганизирана графичка дејност. Современата македонска графика со своите мошне скромни почетоци во VI деценија го даде својот придонес во севкупниот развиток на савреме-

ната југословенска графика, а со својот натамошен креативен подем во текот на неколку децении слободен живот, со создавањето на подобри можности за негување на графиката, стана и нејзин составен дел, без кој таа не може да се разгледува.

*
* *

Во IV деценија на XX век, кога се појавуваат првите академски образовани уметници, Македонија беше оптоварена со мошне сложени и неповолни општествено-историски прилики. Уметниците кои во тој период го отпочнуваат своето творештво главно се занимаваат со сликарство (Пандилов, Личеноски, Мартиновски, Коџоман, Белогаски, Владимирски, Поповиќ — Цицо и др.) и со скулптура (Тодоровски). Нивното творештво се надоврзува на богатата ликовна традиција во Македонија (икони, фрески, резба), негувани на нашата почва со векови. Меѓутоа, за развиток на графиката, во смисла на одржување на некој континуитет, речиси нема никаква основа. Не постојат услови: ниту традициија за негување на графиката, ниту пак техничко-технолошки можности за нејзино изведување. Таа се појавува само како инцидентна епизода покрај сликарските опуси на некои од спомнатите автори (Пандилов, Поповиќ, Лазески) или пак како креативен ангажман во доменот на илустрацијата (Мартиноски, Поповиќ). Тоа се главно почетнички обиди настанати уште во текот на академските студии или непосредно по дипломирањето, повеќе како желба да се согледаат можностите во оваа дисциплина, како одраз на уметничкиот неспокој за креативни пошироки и поразновидни зафати. Се реализираат главно дрворези и линорези, изведени со мошне скромни технички средства, дескриптивно-реалистички или експресионистички со нагласена деформација на фигурите, со хуманистична порака и социјална содржина согледана од личен аспект.

ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО (1914—1962), уште во почетокот на своето творештво, во кое главно е ориентиран кон карикатурата и сценографијата, покрај илустрации на книги изработил и неколку графики во техника на дрворез и линозер, од кои се зачувани „Мотив од кафеана“ и „Дрвари“, линорези од 1933 (сега во приватна сопственост во Белград). Социјално интонирани, градени со контрастот на црно-белите односи, овие графики се изведени со солиден цртеж и компактни цврсти форми.

Спрема некои недоволно документирани податоци ДИМИТАР ПАНДИЛОВ (1889—1963) за време на студирањето во Софија на Академијата за ликовни уметности во 1935/36 година, кај професорот Морозов изработил неколку дрворези, бакрописи и бакрорези, но кои за жал не се зачувани.

БОРКО ЛАЗЕСКИ (1917), во текот на своите академски студии во Белград, кај професорот Љубо Ивановиќ, изработил нешто повеќе од десетина линорези и дрворези во 1935/36 година (сега во сопственост на авторот). Овие графики на Лазески обработуваат главно мотиви со ентериери и стара градска архитектура на Прилеп и Охрид, изведени во складна и едноставна композиција, со блага стилизација на архитектурата, со нагласени црно-бели односи во графичкиот израз.

НИКОЛА МАРТИНОВСКИ (1903—1973) во предвоениот период во неколку наврати креативно се ангажирал на илустрирање книги (1930, 1934 и 1936) со социјално обоена тематика. Неговиот сигурен, со силна експресија карактеристичен цртеж, е мошне погоден за графички израз Меѓутоа, Мартиноски дури во повоениот период ќе направи неколку обиди во техника на линорез, кои ќе останат само како мала творечка епизода во неговиот инаку мошне обимен сликарски опус.

*
* *

Во текот на НОБ и Револуцијата (1941—1945) во Македонија речиси не постои оригинална графика. Поголем број од македонските уметници стапува во НОБ во втората половина или кон крајот на 1944 година вклучувајќи се во агитационо-пропагандните одделенија на македонските бригади кои веќе го завршуваа својот пбедоносен поход за конечното ослободување на Македонија. Во тој период во бригадите постоеја нешто поповолни услови за културен развиток. Македонските уметници дадоа значаен придонес за обликувањето на пропагандниот материјал и подготвувањето на техниката за илустрирање на печатот. Зачувани се илустрации во поедини броеви од партизанските весници во кои ликовни прилози во техника на дрворез има реализирано АНГЕЛЕ ИВАНОВСКИ (1913). Во сопственост на авторто се наоѓаат отисоци од дрворезите „Ранет борец“ и „Борби кај Дебар“ од 1944 година, што се одликуваат со непосреден графички израз, како мали ликовни забелешки за едно тешко изминато време.

БОРКО ЛАЗЕСКИ во овој период покрај повеќе циклуси цртежи има направено и еден дрворез, „Крај Берово“ од 1944 година, во кој претставува тема поврзана со теророт на окупаторот. Со црно-бели односи и упростен цртеж во графичкиот израз, Лазески внесува одредена драматич.на атмосфера на настанот. Истиот мотив бил отпечатен и на Прогласот за пријавување на предателите и воените злосторници (печатен во Графичкиот завод „Гоце Делчев“, Скопје, 1944.)

Заради недостиг на време и материјал, заради крајно неповолните услови во овој период се настанати најмногу цртежи и илустративно-пропаганден материјал, кои ја обединуваат документарната и ликовната вредност. Во наједноставна техника на дрворез (подлога) НИКО ТОЗИ (1924) има реализирано неколку портрети со ликови на борци и команданти на НОВ (кај авторот е зачуван отисок на дрворез со ликот на Ѓуро Брајовиќ), како и илустративен материјал за потребите на редакциите.

Во македонските бригади учествувал и познатиот уметник и графичар БРАНКО ШОТРА (1906—1960), кој работел пред војната како ликовен педагог во Резбарското училиште во Охрид. Покрај ангажманот за изработка на печатот на Главниот штаб на Македонија, во тоа време изработил и повеќе скици, кои после војната му послужиле за реализација на неколку циклуси графики со теми од НОБ и животот на партизаните од Шар-Планина.

*
* *

По ослободувањето веднаш почнаа да се создаваат услови за развиток на нормален уметнички живот во Македонија. Уште кон крајот на 1944 година (ноември) се формира Здружението на македонските художници, денес Друштво на ликовните уметници на Македонија (ДЛУМ), кое веќе кон крајот на 1945 година ја одржа и својата прва изложба. Без прекин изложбите на ДЛУМ се одржуваат сѐ до денес и овозможуваат континуирано следење на ликовната продукција во Македонија. Во првите повоени години графики нема и покрај тоа што често, по погрешка, цртежите биле иницирани како графики во каталозите од изложбите на Друштвото. Ова било забележано и од ликовната критика кога Друштвото гостувало со свои изложби во другите републички центри.

Во почетокот на 1945 година се формира и Художествената школа која во 1948 година прерасна во Школа за применета уметност, денес Училиште за применета уметност (УПУ). Во 1950 година се формира и Друштвото на ликовните уметници за применета уметност (ДЛУПУМ).

Сите овие новоосновани институции и друштва одиграа пионерска улога за развитокот на уметноста во нашава Република. Но посебно значение за отпочнувањето на графичкиот израз во Македонија претставува оформувањето на Графичкиот отсек во УПУ во Скопје во 1948 година. Големи заслуги за тоа му припаѓаат на загрепскиот уметник-графичар и ликовен педагог Душан Кокотовиќ (1888—1953). Тој донесе во Училиштето машини за печатење на бакрорез и акватинта и на тој начин беа обезбедени најосновните услови со техничко-технолошки помагала за изведба на графички листови. И самиот Кокотовиќ креативно се занимаваше со графика, а негови листови среќаваме на IV изложба на ДЛУМ во 1949 (4 бакрорези). Тоа се првите графички експонати што се појавија на овие изложби. На VII изложба на ДЛУМ во 1952 год. Ванчо Ѓорѓиев излага еден дрворез, а на IX изложба во 1954 год. Радмило Поповски литографии, бакрописи и дрворез. На Графичкиот отсек заедно со Кокотовиќ работи и Љубомир Белогаски, кој ѝ ја продолжува педагошката дејност по неговото заминување од Скопје.

ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ (1912), свртен кон пренесување на интимни и тивки доживувања на природата и човековата егзистенција во духот на поетскиот реализам во 1949 година направил неколку бакрописи и литографии во кои е доминантен неговиот суптилен цртеж (Девојка, Глава, Портрет на Д. Кокотовиќ).

На Графичкиот отсек после Белогаски работат како ликовни педагози и уметниците Љубодраг Маринковиќ-Пенкин, Драгутин Аврамовски-Гуте, Ристо Калчевски и Ордан Маневски, кои посебно биле заинтересирани за графичкиот израз и внесуваат дел од својот креативен ентузијазам за развитокот на графичката како посебен ликовен медиум кај нас. Првите генерации од Училиштето излегуваат веќе во 1953 година, меѓу кои само неколкумина почнуваат да се интересираат и за графичките техники. Во ова Училиште се оформија како графичари — и денес — дејствуваат скоро исклучително само во тој домен: Божин Барутовски, Душко Сотировски, Ацо Филиповски и други помлади кои подоцна ќе завршат.

Мошне значајно е и доаѓањето на првите генерации македонски уметници (1952—1955) кои студираат на Академиите за ликовна и применета уметност во другите републички центри: Белград, Загреб и Љубљана. Во тамошните академии, каде веќе постои поголема традиција за негување на графиката работат искусни педагози-графичари. Таму тие имаат можност да ги стекнат и своите први искуства уште во текот на студиите, да се запознаат со начинот на изведувањето на повеќе разновидни графички техники, да ги направат и своите први графички листови (Ванчо Ѓорѓиев, Радмило Поповски, Драгутин Аврамовски, Менче Спировска, Иван Велков, Петар Мазев, Петар Хаџи Бошков, Ѓоко Крстевски, Спасе Куновски и др.).

Во 1954 година при ДЛУМ е основана графичка секција во која членувале уметници кои графиката ја негувале напоредо со сликарството и скулптурата. Посебен интерес пројавуваат кон графиката Менче Спировска и Драгутин Аврамовски.

Во Македонија во тој период веќе се создаде школуван творечки потенцијал, но тој самиот по себе не е достатен. Се чувствува особено многу недостиг за помагала: графички машини, преси, печатарски бои и хартија. Поради тоа, целокупната графичка продукција во Македонија е сведена на наједноставните техники: дрворезот и линорезот, често гипсорезот и уште поедноставните монотипии. Поретко се изработувале литографии, акватинти и бакрописи. Околу 1956 се појавуваат и првите графики во боја, која во почетокот се нанесувала мошне претпазливо. Покрај црно-белите ефекти се додаваат само два до три тона (Аврамовски, Мазев, Ѓорѓиев, Пенкин, Хаџи Бошков, Димовски и др.).

Почетоците на современата македонска графика се совпаѓаат со нешто поразвиениот графички израз во другите републики, во периодот кога почнува поинтензивен и поорганизиран графички живот, кога се организираат изложби на југословенска и странска графика, за кои постоеше можност да се следат и да се извлекуваат оредени искуства. Во Македонија се организираат повеќе изложби на странска графика: англиска (1955), норвешка (1957), американска (1959), германска (1959), кинеска (1961). Овие изложби несомнено одиграа извесна улога за побудување интерес кај нашите уметници за графика и за стекнување на нови естетски и формални сознанија.

Покрај сè побројното присуство со графики на редовните изложби на ДЛУМ кон средината на VI деценија се одржуваат и неколку самостојни и групни изложби на графики во Скопје, и во другите републички центри. Овој период го карактеризира мшне развиен и организиран творечки ангажман во доменот на графичкиот израз. Во 1955 гдина Аврамовски ја организира својата прва самостојна изложба на графики во Куманово (библиотека); во истата година во Клубот на уметниците (октомври-ноември) излагаат графики на заедничка изложба Аврамовски, Мазев, Спировска и Хаџи Бошков; во 1956 година се одржува заедничка изложба на Аврамовски и Спировска (Дом на ДСВР, Скопје), на која излагаат 30 дрворези. Во организација на графичката секција на ДЛУМ во март 1956 во Клубот на пратениците во Скопје се отвора графичката изложба на Шестмината (Аврамовски, Боро Крстевски, Мазев, Протугер, Спировска и Хаџи Бошков). Оваа заедничка изложба на македонските графичари беше одбележана од тогашната ликовна критика како настап на млади уметници со различен ликовен израз и со разновидна содржинска насоченост.

Истата година (мај) во Клубот на уметниците во Скопје РИСТО ЛОЗАНОСКИ и ДИМЧЕ ПРОТУГЕР излагаат дрворези (секој по 12). И кај Протугер и во оставината на Лозански запазени се графичките листови и самите матрици, така што може во потполност да се согледа формално-естетската и содржинската компонента на овие графики.

Пристапот во графичкиот израз на ДИМЧЕ ПРОТУГЕР (1920) е ориентиран кон прикажување на класични мотиви (мртви природи, вазни со антички мотиви, стилизирани пејзажи, цветови и сл.). Цртежот е упростен, стилизиран, главно статичен, со англасен линеаризам, изведен со ефекти на црнобелото и со декоративно разрешена заедница. Во некои графики отстапува од реалистичкиот пристап кон мотивот за сметка на пословодно разрешување на формата.

Во дрворезите на РИСТО ЛОЗАНОСКИ (1923—1964) се забележуваат композиции со упростени форми, во третманот на фигурите применета стилизација и извесна умерена деформација (Селанки, Портрет, Ковач, На балкон и др.). Во некои композиции прави обиди да создаде динамика на движењето (Играорци, Играорец и др.).

Сите овие дрворези се настанати во 1955 и 1956 година и се работени со примитивна рачна преса на матрица од дрво, шпер-плоча или на гипсена подлога. Изложбата во нешто селектиран приказ (по 8 дрворези) била пренесена истата година во Битола, Охрид, Струга и во Графичкиот колектив во Белград.

Втората половина на VI деценија ја карактеризира мошне развиен и организиран графички живот. Во 1957 година во организација на ДЛУМ се отвора I изложба на графики (Дом на ЈНА, Скопје). На изложбата се застапени 16 автори со 53 дела во повеќе графички техники: дрворези, литографии, бакрописи, монотипии. Учесници на оваа изложба се: Аврамовски, Аврамова, Белогаски, Велков, Домиќ, Ѓорѓиев, М. Ивановски, Б. Крстевски, Ѓ. Крстевски, Куновски, Лазаноски, Мартиновски, Пенкин, Протугер, Спировска и Хаџи Бошков. Содржински графиките се свртени кон мотиви од нашиот природен пејзаж, старата архитектура на Скопје, Прилеп и Охрид, портрети, фолклорни теми, играорци, зурлаџии, долапи и сл. Графиките што се прикажани на оваа изложба се настанати само како повремена ориентација на уметниците кон графичкиот израз (со примарна определеност кон сликарството или кон скулптурата), со исклучок на Аврамовски, а особено Спировска, кои пројавуваат сѐ повеќе интерес за графика и своето творештво главно го насочуваат кон овој израз. Техничката изведба на овие графики сѐ уште е на почетничко ниво, без технички помалага, но со мошне искрен приод во пренесувањето на мотивот на плочата, во границите на еден реалистичко-експресионистички израз, со поединечни свртувања кон послободно конципирани форми кај Хаџи Бошков, Аврамовски, Спировска.

Скоро во целост I-та графичка изложба кон крајот на 1957 година е прикажана и во Галеријата на Графичкиот колектив во Белград.

Без некои поголеми осцилации во креативните резултати и техничката изведба, се одржуваат скоро со истите учесници (кон кои се придружуваат со свои графики уште Петар Мазев и Јован Димовски) и II-та графичка изложба (мала сала на Уметничкиот павилјон во Скопје) 1958 година и III-та графичка изложба (сала на Работничкиот дом во Скопје) во 1959 година. Во текот на 1958 самостојни изложби на графики имаат Јован Димовски во Скопје и Загреб (16 дрворези), Ѓоко Крстевски во Тетово, Битола и Титов Велес (23 линорези и дрворези) и Љубодраг Маринковиќ — Пенкин во Скопје и Струмица (30 дрворези). Аврамовски и Спировска (Галерија на Домот на ДСВР, Скопје) во 1959 година заеднички излагаат 30 дрворези. Во овој период се совпаѓаат и првите настапи на наши уметници со графики на повеќе изложби на современата југословенска графика во земјата и странство. Така н изложбата Современа југословенска графика во организација на СЛУЈ во Белград од СРМ се присутни со по една графика, Мазев и Пенкин. Од Белград изложбата е пренесена и во другите републички центри. На II-та изложба на југословенска графика во Загреб учествувале Мазев и Пенкин со неколку дрворези во боја. Учеството на загрепските изложби на графика се спроведува по пат на покани преку републичките друштва. Но потоа се врши строга селекција на излагачите, така што од Македонија има малку учесници на овие изложби. И Меѓународното графичко биенале во Љубљана врши строга селекција на излагачите. На II-то биенале во 1957 година од Македонија учествува само Аврамовски. Југословенскиот дел на графиката од II-то биенале е пренесен на изложба во Синсинати (САД).

Со веќе создадениот фонд на графики македонските уметници често се вклучувани на изложби на современата југословенска графика во странство: во 1957 на изложбата Југословенски современи графичари во Мексико и Мексико-Сити на која меѓу другите југословенски графичари се застапени: Аврамовски, Велков, Мазев, Пенкин, Спировска и Мартиновски (со цртежи); на Меѓународната изложба на современа графика во Чиле во 1957 година учествува Аврамовски (3 дрворези); на IV меѓународна графичка изложба Бело и црно во Лугано 1956 — Мартиновски; на V во 1958 — Пенкин и на VII во 1962 — Аврамовски; на изложбата Југословенска графичка уметност во Кептаун (Јужна Африка) во 1959 учествуваат Спировска и Пенкин; на изложбата Современа графичка уметност во Отава — Пенкин, Димовски и Спировска; и др.

Графичката епизода кај поголем број од овие уметници практично завршува уште во самиот почеток со траење од само неколку години. Иако со скромни резултати тие со овие графички листови влегуваат во историјата на современата македонска графика како нејзини основоположници: Белогаски, Мазев, Куновски, Р. Поповски, Протугер, Лазаноски, Б. Крстевски.

ПЕТАР МАЗЕВ (1927) покрај својата примарна ориентација кон сликарството направи неколку графики (линорези и дрворези) кои ги носат одликите на неговото експресионистичко сликарство од тој период со нервозен и рудиментарен цртеж, компактна и колористички усклaдена композиција (Семејство, Капење, Глава, 1956, 1957 и др.).

СПАСЕ КУНОВСКИ (1929—1978), основоположник на надреалистичкото сликарство во Македонија, направи и неколку графики (Есен, Св. Наум, Ноќ во Скопје. Виолончелист и др. монотипии и литографии), во кои успешно оперира со светлотемни односи и благи преливи во сиво што ги овозможува техниката на литографијата. Реализира неколку реалистички сватени пејзажи во кои се чувствува извесен надреален призвук и постигната атмосфера за одредено време.

РАДМИЛО ПОПОВСКИ (1921) меѓу првите уметници во Македонија, покрај илустрацијата на книги и други креативни ангажмани во доменот на применеата уметност се занимава и со чиста графика. Со солидни искуства стекнати на Академијата за ликовни уметници во Љубљана, уште во текот на студиите направи неколку литографии, бакрописи и дрворези во кои транспонира мотиви од Скопје, Љубљана и Приморјето (1951—1954), со кои и се појавува на првите изложби на ДЛУМ. Во основата на неговите графики се наоѓа мошне сигурниот потег и смислата за графички израз во една реалистичка транскрипција со солидна техничка изведба (Стара Нова Бања, Сеќавање, Пелагонија, Мотив со Љубљаница, Старо Скопје и др.).

На I-та графичка изложба во 1970 година го излага линорезот „Реминисценција" во кој отстапува од реалистичко-дескриптивниот третман и со нагласена експресија на органски форми во просторот внесува и надреалистична обоеност.

НИКОЛА МАРТИНОСКИ (1903—1973) излага на повеќе изложби на современата југословенска графика но често е застапуван и со цртежи. Секогаш супериорен со својот извонреден експресионистички цртеж Мартиноски инцидентно направил неколку линорези и линорези во боја преку кои пренесува содржина соодветна со неговите сликарски остварувања (Доилка, 1945, Доилка 1950, Љубов 1953, Раѓање 1957 и др.).

БОРО КРСТЕВСКИ (1931) првенствено ориентиран кон скулптурата, негувајќи го цртежот како посебна ликовна дисциплина, се заинтересира и за графичкиот израз и во техника на линорез и литографија направи неколку мотиви од Италија, (Дворецот Св. Горгио 1953, Венецијански мелодии 1954, Менада 1957 и др.) како и литографијата во боја Логораш од 1958 (сопств. на Историски музеј на СРМ), во која со експресионистички нагласена и упростена фигурација предава атмосфера на војната.

Кај неколкумина уметници графичката ориентација трае нешто подолго и во текот на VII деценија (Велков, Пенкин, Ѓ. Крстевски, Ѓорѓиев, Спировска, Димовски и др.).

ЉУБОДРАГ МАРИНКОВИЌ — ПЕНКИН (1923) работел како професор на Отсекот за графика во УПУ во Скопје од 1953—1964, каде предавал опрема на книги, плакат и амбалажа. Но истовремено работи и на литографијата и другите техники и со свои графики бил застапуван на повеќе изложби на современата југословенска графика во земјата и светот. Во својот обимен графички опус Пенкин разработува теми со интимен карактер, разни расположенија, предава атмосфери на одредени амбиенти и поднебје (Утро, Прикквечерина, Серенада, Рибар, Љубомора, Тага, дрворези и линорези од 1957—1959). Неговите први графики се одликуваат со складна композиција, со нагласени црно-бели контрасти, со тенденција за упростување на формите што води д оизвесна апстрактна геометризација. Организацијата на ликовните елементи во неговите композиции создава впечаток за динамичен и компактен ликовен израз. Интересот за графиката кај Пенкин продолжува и после неговото одење од Скопје. Но бидејќи живее и дејствува подолго време вон од нашата Република, а повремено гостувал само со сликарски творби, не сме имале можност да ја следиме континуирано неговата натамошна постапка во графиката.

ИВАН ВЕЛКОВ (1930), Своите први искуства во графиката ги стекна на Академијата во Љубљана кај професорот Рико Дебењак, каде што се обидел речиси во сите графички техники. Во тој период има изработено дваесетина графички листови во различни техники, главно академски работи, со мотиви од старата архитектура на Скопје, Охрид, Пиран, Љубљана, портрети и композиции реалистички предадени со извесна стилизација на архитектурата, со преливи и нијанси кон сиво во литографиите и со доминантно црно-бели контрасти во дрворезите и линорезите. Покреативни резултати во графичкиот израз Велков постигна по доаѓањето во Скопје кога ги направи графиките Галоп, Пазар од 1957, Играорци 1961, Божици 1964 и др. Во нив Велков внесува индивидуален израз со примена на максимална стилизација, во која фигурите се сведени на силуети (Пазар), или пак експресијата постигната со ритамот на црно-белите ефекти и динамиката на движењето (Галоп).

ЃОКО КРСТЕВСКИ (1923), студирал на Академијата за применети уметности во Загреб и своите први искуства ги стекнал кај професорот Душан Кокотовиќ. Таму изработил неколку графики со дескрипивен цртеж, реалистички сфатени, но со повеќе стекната подготовка за изведба на графики со покреативни зафати. По доаѓањето во Скопје изработил неколку стилски хетерогени циклуси графики: дрворези, линорези и гипсорези. Во циклусот графики со фигуративна определба Крстевски го пренесува светот на нашето секојдневие: луѓето во момент на работа, на одмор, мртви природи, актови, селанки, старци и др. Своите ликови ги сведува на главните акценти што ги дозволува и овозможува техниката на дрворезот и линорезот, со извесна стилизација на формите на места со елементи што потсеќаат на кубистички решенија. Напоредо со фигуративно ориентираната графика во периодот од 1960—1963 создаде циклус линорези црно бели и во боја, што се одликуваат со апстрактно-асоцијативни форми поставени на бела основа, во кои фигурата е дематеријализирана, асоцијацијата за неа мошне далечна. Со игра на површини, понекогаш со различни колористички ефекти варира иста или слична композиција. Посебна епизода во творештвото на Крстевски, прекината уште во самиот почеток, претставува циклусот од десетина монотипии во боја работени во духот на акционото сликарство како апстрактни колористички импресии.

JОВАН ДИМОВСКИ (1928), покрај примарната ориентација кон сликарството појавува интерес и за графичкиот израз. Во 1958 година имаше самостојна изложба на дрворези во Скопје а беше подолго време присутен на графичките изложби во Македонија и во други места сè до неговото одење во Белград во 1964 година. Со крајно упростување на фигурата и природните форми на пределот, со стилизирана фигурација и нагласена хоризонтала во класично разрешената композиција на пределот, Димовски врежува цврсти, робустни форми (Охридски мотив, Инвалиди, Селанец, Пеливани) и други мотиви од македонското секојдневие и поднебје.

ВАНЧО ЃОРЃИЕВСКИ (1924) од македонските уметници прв се појавува со графика на VII изложба на ДЛУМ во 1952 година кога излага еден дрворез. Во формирањето и дејствувањето на графичката секција на ДЛУМ има одиграно пионерска улога. Неговиот интерес кон негување на графиката континуирано се одвива подолго време. Со искуствата во графичките техники стекнати на Академијата за ликовни уметности во Белград кај професорот Михајло Петров, Ѓорѓиевски го гради својот графички израз, стилски и содржински идентичен со неговите сликарски остварувања, со посебен интерес кон фигурата, односно кон човекот на нашево време оптоварен со сите трауми и последици од војната и пустошењата од природните катастрофи. Со контрасти на црно-белите односи, со спротивставување на полни и испрекинати тенки линии, на места со сплет на ритмички поставени линии, Ѓорѓиевски ја гради својата експресионистички сфатена фигурација со искреност во искажувањето и со запазени основни елементи за графички израз.

МЕНЧЕ СПИРОВСКА (1923), мошне присутна во графичкиот живот на Македонија во текот на VI деценија, застапувана на речиси сите графички изложби во Скопје и на изложбите на осврементата југословенска графика во земјата и во светот. Позначајни заеднички настапи ѝ биле на изложбата на Шестмината 1957 и заедно со Аврамовски во 1955 и 1959 година. И покрај тоа што повеќе не излага, со она што го создаде и што сме имале можност да го видиме, Спировска остави траги во основоположувачката продукција на македонската графика како единствена жена-графичар. Таа за релативно краток период на творење (1955—1963) изгради солиден графички израз со внесување на своевидна лирика во движењето на линијата, со развиено чувство за игра со црнобели површини и складност во композицијата при поврзувањето на ликовните елементи. Во третманот на женските фигури кои се најчесто присутни поставени во стилизирана и геометризирана архитектура, внесува експресивна деформација на ликот и ритмика со сплет на линии (Маска, Глава, Риба, Невеста, Композиции во повеќе варијанти и др.).

Меѓу уметниците кои најдолго време континуирано работат и експериментираат сè до денес во доменот на графиката се Драгутин Аврамовски и Петар Хаџи Бошков.

ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ — ГУТЕ (1931), најплоден македонски графичар, поминува низ повеќе творечки фази во графичкиот израз, кој го негува со ентузијазам и континуирано покрај сликарството. Како студент на Академијата за применета уметност во Загреб првите знаења во графиката ги добива од искусните графичари-педагози Душан Кокотовиќ и Ернест Томашевиќ. Таму ги прави и своите први графики. Со доаѓањето во Скопје интензивно работи на графика и присутен е на сите графички изложби во VI и VII деценија. Имал неколку самостојни изложби на графики: 1955 во Куманово; 1955 и 1959 заедно со Спировска во Скопје, 1966 во Скопје а бил застапуван и на изложби каде што се вршела мошне строга селекција, како што е Меѓународното графичко биенале во

Љубљана (II, IV V и VI), на загрепските изложби на југословенската современа графика 1962, на Биеналето Бело и црно во Лугано 1962, I меѓународно графичко биенале во Краков 1966 и др.

Во графиката Аврамовски опочнува кон средината на VI деценија со карактеристична експресивно стилизирана фигурација. Содржината на своите графики ја презема од нашето секојдневно живеење и поднебје, од нашите етнолошки белези и фолклорот со индивидуален пристап (Долап, Македонски пејзаж, Борба на бикови, Сончогледи, Рибарски мрежи и др.) во техника на дрворез и линорез, придавајќи им на формите симболично значење. Изградува композиции со наизменично декоративно стилизирани делови чии конкретни форми се обликувани со контури.

Во натамошниот развиток почнува постепено да ги елиминира фигуративните елементи и да се доближува до апстракцијата, но во која секогаш се насетува нешто подалечна асоцијација пак за неговиот свет на предмети и форми од наши амбиенти. Меѓу првите македонски уметници ја прифати апстракцијата и во сликарството и во графиката. Во постојани експериментирања во комбинирана техника (најчесто на акватинта и бакропис) поставува мошне претпазливо пиктурални ефекти само во неколку тона. Повеќе е заинтересиран за организацијата на композицијата, во која поврзува повеќе фрагменти во една целина. Посебно внимание посветува на градењето на структурата. Во поедини партии со своевидни интервенции и комбинации на самата матрица добива ефекти кои ги среќаваме кај сликарите енформелисти. Во најновите графики продолжува со експериментирањето пак во комбинација на повеќе техники (акватинта и висок печат). Поаѓајќи од конкретното во природата, но кое се чувствува само како далечна асоцијација, со кружни елементи, кои како симболи се често присутни, формира апстрактни композиции. Во нив се доминантни ефектите на црно-бело-сивото и богатиот сплет на линии

ПЕТАР ХАЏИ — БОШКОВ (1928), по вокација скулптор, континуирано заинтересиран за графика уште на Академијата во Љубљана. Со доаѓањето во Скопје и во текот на повеќе години, сè до денес, поминува низ повеќе фази во својот графички израз, кои главно го следат развитокот и на неговата скулпторска постапка. Создава богат естетско-стилски и содржински графички опус. Со вои графики се појавува уште на изложбата на Шестмината 1956, учествува на сите графички изложби во Македонија, застапуван на изложби на современата југословенска графика, единствен претставник со графика од Македонија на Триеналето во Белград во 1967 година. Во својата изложбена дејност одбележува и повеќе самостојни изложби на графики во Скопје (1959, 1969), во Лондон (1960), во Белград, Загреб и Љубљана (1971) и во Загреб (1974).

Графиката на Хаџи — Бошков во почетниот период е органски поврзана со неговите скулптури. Тргнувајќи од конкретниот предмет или лик, со максимално елиминирање на деталите ги упростува формите и ги сведува на основните ликовни елементи. Со синтетичен графички израз ги изградува своите цврсти и робустни форми (Две фигури, линорез 1959; Погреб, линорез 1956 и др.).

Во линорезите што настануваат во 1966 година Хаџи Бошков реализира ситуации со богата и разновидна содржина. Асоцира симболи за просторот и времето, форми што се издигнуваат и рушат, хоризонтални, вертикални и дијагонални продори во бескрајните пространства, сето тоа предадено со богата колористичка гама. Оваа своја постапка уште порафинирано Хаџи Бошков ја реализира во монолитографиите во повеќе циклуси кои заедно претставуваат една целина и кои се блиски пак до остварувањата во неговата скулптура. Најблизок до неа е во циклусот „Лебдење", „Насилно раскинување" и „Носталгија за изабените механизми". Во нив функцијата на линијата е доминантна, ритамот и динамиката меѓусебно поврзани. На монохромна основа обликува неодредени бизарни органски и неоргански форми, кои асоцираат на модерни метални конструкции или вегетативни форми.

Поодредена асоцијација за конкретен настан имаат циклусите „Човек и пејзаж" од 1967 и „Бесилки за сите времиња и простори" (циклус од 6 графики од 1968). Издолжени, стилизирани фигури, сместени во неодредени простори, дејствуваат како страшна визија за нешто морничаво, доживеано или сознаено во потсвеста

Последните години Хаџи Бошков во своите истражувања во графиката оди понатаму и во сито-печат во боја создава циклус графики. Во нив користи појаки колористички ефекти. Организира композиции кои варираат во повеќе комбинации со различни распореди и кои асоцираат на своевидни хералдички знаци и симболи.

Целокупниот графички опус на VI деценија е мошне малку документиран. Од разновидната графичка изложбена активност за поедини изложби воопшто нема каталози или во колку ги има, тие се повеќе од скромни. Во нив недостасуваат најосновни податоци, често без индикации за графичките техники, без датирање на графичките листови, погрешно одбележани цртежи како графики и тн. Меѓутоа, покрај мошне живите полемики што се водат во тоа време помеѓу ликовните уметници во врска со современата ликовна уметност (печатени во списанието „Разгледи"), ликовната критика, особено во втората половина на VI деценија, поопстојно ги следи и одбележува изложбите. Се појавуваат и аналитички осврти и поединечни оценки за излагачите, особено за трите графички изложби.

Мапата „Современа македонска графика" (1961) дава сублимиран приказ на графичкото творештво од овој период. Во издание на ДЛУМ, со предговор од Ванчо Ѓорѓиев, застапени се 12 автори со 25 црно-бели и колор репродукции на графички дела. Со мошне солидна техничка изведба таа претставува значаен допринос во доменот на издавачката дејност што се однесува на современата македонска графика. Во мапата се репродуцирани графики од Аврамовски, Барутовски, Велков, Ѓорѓиев, Димовски, Ѓ. Крстевски, Куновски, Мазев, Пенкин, Спировска и Хаџи Бошков.

*
*   *

Првата половина на VII деценија е помалку активна со графичка дејност. Постои еден вакум од организиран графички живот, кој ќе трае скоро десетина години сè до 1970 година кога повторно се обновуваат графичките годишни изложби. Недостигот на технички помагала и друг потребен материјал за изведба на графиката е секако една од причините за овој застој. Трагедијата што го снајде Скопје во 1963 година сигурно се реперкуира во негативна смисла за развитокот и на графичката мисла. Меѓутоа, по сè изгледа дека го нема оној ентузијазам што ја карактеризира графичката активност во VI деценија. Повеќето од уметниците кои дејствуваа во тој период се откажаа од ориентацијата кон графиката. Само неколкумина останаа да дејствуваат сè уште во таа насока. Единствено место каде што можеа да излагаат во Републиката беа годишните изложби на ДЛУМ и спомнатите автори повремено ги среќаваме на овие изложби со по неколку графички дела. Но сепак уметничкиот живот се развива и одбележува неколку значајни моменти и појава на неколку умет-

ници излезени од УПУ во Скопје кои скоро исклучително ѝ се посветуваат на графиката (Божин Барутовски, Ацо Филиповски, Душко Сотировски и др.). На Академијата за применета уметност во Белград и другите центри ги завршуваат своите студии Драган Биков, Томислав Крмов, Ранко Струмениковски, Јован Петров, Павле Кузмановски и др. Сите тие, некои исцело, други повеќе или помалку ѝ се посветуваат на графиката и се вклучуваат во изложбените активности. Се организираат неколку самостојни изложби на графики: Барутовски (1960, 1962, 1967); Филиповски (1962, 1968); Струмениковски (1964, 1969); Биков (слики и графики 1963); Аврамовски (1966); Ѓ. Крстевски (1963) и др. Аврамовски учествува како единствен претставник од Македонија на II загрепска изложба на графиката во 1962; на изложбите на Белградскиот круг учествуваат Крмов и Биков (1967, 1968, 1969). На големата изложба „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници" во 1966 година во Белград со графика учествува Божин Барутовски и добива II награда за графика; на изложбата Југословенска графика на XX век по повод свеченото отворање на МСУ во Белград 1965 година учествува Аврамовски. Некои од нашите графичари се застапени и на изложби на современата југословенска графика во странство: Современа југословенска графика во Аргентина, Куба, Хондурас, Боливија 1965 (Аврамовски и Барутовски); Меѓународната изложба на графика „Борба за мир против војната" во Берлин 1967 (Барутовски); Современа југословенска графика во Чиле 1969 (Ѓорѓиев и Крмов) и др.

Во почетокот на 1964 година (февруари) се основа Музејот на современата уметност во Скопје како израз на меѓународната солидарност на уметниците спрема настрадаиот град. Постепено се формира и фонд на подарени графики од целиот свет (денес меѓународната графичката збирка на МСУ има околу 1200 графички листови во сите техники и е најбогата од овој вид во земјата). Графиките на Музејот беа континуирано прикажувани на изложбите Подарени дела и секако претставуваа за нашата средина драгоцена информација за токовите по кои се движи современата светска графика. Во организација на МСУ прикажани се и повеќе изложби на странска графика во Скопје и другите градови на Републиката, кои исто така даваа значаен увид во современиот миг на светската графика. Меѓу нив да споменам само неколку: Источно-германска графика 1965; Графики на Ханс Хартунг и Ана Ева Бергман 1966; Американски поп-арт 1966; Графики од Пабло Пикасо 1967; Едмонд Казарела, графичар од САД 1968; Современа чехословачка графика 1968; Современа белгиска графика 1969; Современа полска графика 1970; Виенска школа на фантастичниот реализам 1971; Американска графика 1972; Современа бразилска графика 1972 и многу други. И другите институции: Уметничката галерија и Центарот за култура и информации на град Скопје повремено прикажуваа самостојни изложби на југословенски графичари. Во овој период дејствуваат занимавајќи се континуирано само со графика сѐ доденес неколку уметници-графичари.

БОЖИН БАРУТОВСКИ (1931) се појавува уште кон крајот на VI деценија, меѓутоа неговото присуство најмногу се чувствува во VIIдеценија, како уметник кој својата креативна визија ја изразува само преку графиката. Содржинската компонента на неговата графика во почетокот е свртена кон теми од секојдневието на македонскиот човек (Две сестри со кукла 1957, Нижење на тутун 1959, Оплакување 1959 и др.). Во натамошната постапка еволуира кон своевидна критичка ангажираност, насочена кон теми од нашата поблиска историја и страданијата од војната. Во техника на дрворез и линорез изработи два циклуси: „Варијации од концентрационен логор" и Варијации на тема од војна", кои ги излагаше на самостојни изложби во Скопје 1962 и 1967. Во овие графики Барутовски ги евоцира маките во нацистичките концлогори преку специфична експресионистички изразена стилизирана и упростена композиција, во која фигурата е сведена на симбол на страданијата. Редуцираните од детали фигури распоредени се во композиција со строга геометриска шематичност. Цртежот е рудиментарен, експресијата постигната со тензија на темни и светли маси, со контрасти помеѓу длабоко црното и јасно белото. Во последно време во своите линорези Барутовски внесува и колористички ефекти.

Близок до него по формално-стилската обработка во своите графики е ДУШКО СОТИРОВСКИ (1929), кој со црно-бели контрасти во техника на линорез изградува свој свет на симболи, стилизирани претстави и орнаменти, како тајнствени графички знаци, вклопени во декоративна и геометриски организирана композиција.

АЛЕКСАНДАР ФИЛИПОВСКИ (1936) е често присутен во графичкиот живот. Најмногу работи линорези преку кои го изградува светот на својата интима и светот на природата со јасен и едноставен графички израз. Со игра на црно-бели графички разрешени површини внесува раздвиженост во композицијата.

РАНКО СТРУМЕНИКОСКИ (1936) изработил повеќе циклуси графики-линорези, а во последно време во сито-печат, чија содржинска компонента е насочена кон природата и светот во неа и околу неа. Во неговата лирско-асоцијативна визија за пределот се чувствува на моменти надреалистички призвук.

ВАСИЛ КОСТОВ (1939) со стилизиран, реалистички сфатен цртеж, користејќи ги ефектите на црно-белото што ги пружа техниката на дрворезот обработува мотиви со градски пејзажи.

ДИМИТАР ГАСПАРОВ (1938) со елементи на симболика и реално обликувани фигури ги гради своите композиции користејќи ги можностите на комбинираната техника.

Во 1967 година во Битола се организира голема изложба на современата југословенска графика (од Македонија учествуваа Аврамовски, Барутовски, Пенкин, Спировска и Хаџи Бошков). Со оваа изложба се направија основните подготовки за идното Триенале на современата југословенска графика во Битола и се оформи графичкиот фонд на сегашната Галерија на современата југословенска графика. Уште тогаш интенцијата беше во перспектива таа да прерасне во графички центар на нашата Република,да придонесе за оживувањето на графичкиот живот кај нас, да привлече поголем број македонски графичари да излагаат напоредо со останатите југословенски уметници. Првите две триенала не ги исполнија овие очекувања. Така на I триенале во 1972 година учествуваа само шест македонски графичари а на II триенале во 1975 — 10. Меѓутоа, веќе на III триенале во 1978 одзивот беше многу поголем. 21 учесник од Македонија со нови вредности во графичкиот израз рамноправно се вклучи со останатите југословенски уметници-графичари.

Во нешто поскратен обим сите три триенала беа прикажувани и во Скопје. Неоспорно е дека оваа сојузна ликовна манифестација претставува значаен придонес за развитокот на графичката уметност кај нас, драгоцена информација за следење на новите насоки по кои се движи современата југословенска графичка мисла.

Кон крајот на 1969 година во организација на Музејот на современата уметност во Скопје излегаа Четири македонски графичари во неколку ликовни центри на Сојузна Република Германија: Диселдорф, Солинген и Билефелд (Барутовски, Аврамовски, Хаџи Бошков и Шијак).

ТОМО ШИЈАК (1930), покрај неколку обиди во монотипија направени кон средината на VI деценија, за прв пат се поја-

ви на оваа изложба со графики. Интересот на Шијак кон овој медиум е само една мала епизода во неговиот мошне разновиден и богат творечки опус. Овие графики се јавуваат како своевидни визии на авторот за космосот, посветени на вселенските доживувања. Градени се со пиктурални ефекти постигнати со техника на прскање со валјак. На монохромна поголема површина воспоставува композициска поврзаност со просторот, во кој се нанесени нежно издиференцирани геометризирани претстави.

*
* *

За вистинскиот развиток на македонската графика и за нејзиниот подем во VIII деценија, мошне значајна е иницијативата на ДЛУМ, покрената од тогашниот претседател Борко Лазески за обновување на графичките изложби, после 10-годишен прекин. Во мај 1970 година се отвори I графичка изложба и оттогаш континуирано секоја година се прикажуваат најновите постигања во графичкото творештво. Првите изложби се одржуваа во просториите на Уметничката галерија и Салонот на ДЛУМ, а од 1974 година во Салонот на НУБ Климент Охридски во Скопје, каде Насо Беќаровски со ентузијазам и смисла за организација ги подготвува и стручно документира со каталози во кои има повеќе податоци за авторите и репродукции од изложените дела. Овие изложби станаа вистинско собиралиште на македонските графичари, место за презентирање и што е најважно секогаш добро посетени. Тие се поставуваат во амбиент кој секојдневно е исполнет со млади луѓе, на кои во моментите на предах им се овозможува да ја следат графиката и нејзиниот развој. По завршувањето на изложбите во Скопје тие скоро комплетно се презентираат и во други градови на Републиката, така што се овозможува една поширока информација за графичкиот израз кај нас. Воведени се и годишни награди за најдобри графички остварувања: од 1970 наградата на ДЛУМ „Моша Пијаде" и од 1975 откупната награда на НУБ „Климент Охридски". Досега се доделени 16 награди на учесниците на овие изложби, кои секако значат стумил за натамошен креативен развиток. На мајските изложби, кои во 1970 година отпочнаа само со 10 учесници, секоја годинасе зголемува нивниот број, се збогатуваат естетските вредности, се внесуваат нови содржини, се усовршува техничката изведба. Истовремено се зголемува секоја година и бројот на графичките дела што се излагаат на годишните есенски изложби на ДЛУМ. Покрај подокументираните каталози кои се печатат секоја година и за мајските и за есенските изложби на ДЛУМ во почетокот на VIII деценија е реализиран и уште еден мошне значаен потфат во издавачката дејност што се однесув ана современата македонска графика. Во 1971 година излегоа две графички мапи: Арс поетика од Петар Хаџи Бошков, библиофилско издание со 10 графики во сито-печат како илустрации на поезија од македонски поети, со ликовна опрема на Ристо Калчевски и мапата Арс поетика — Мостови, библиофилско издание со 14 графики во сито-печат од Ордан Петлевски како илустрации на поезијата на носителите на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата и добитниците на наградата Браќа Миладинови, со ликовна опрема на Ристо Калчевски и писмо од Драган Биков. И двете мапи се издадени од Струшките вечери на поезијата а се печатени во НИП Нова Македонија во Скопје, декември 1971.

Покрај трите битолски триенала (1972, 1975, 1978) за кои веќе стана збор, во VIII деценија посебно би ја одбележала изложбата 10 графичари, одржана 1974 година во Народната библиотека на СР Србија во Белград а во организација на НУБ Климент Охридски од Скопје за време на Деновите на македонската култура, која од ликовната критика беше одбележана како успешен настап на македонските графичари. Тие се присутни и на повеќе други изложби на современата југословенска графика во земјата и во светот: на IX Ликовни средби во Суботица 1970 учествуваа Барутовски, Биков и Крмов, на II биенале на графиката во Фиренца (Барутовски) 1972; на XIV Ликовни средби во Суботица 1975 учествуваше поголема група македонски графичари; на Биеналето на графиката во Мишколц (Унгарија) во 1976 — Крмов; на изложбата Современи југословенски графичари во Вашингтон и Коломбо во САД (Биков), н аXII меѓународно биенале на графиката во Љубљана 1977 (Перчинков) и др.

*
* *

Денешната македонска графичка продукција опфаќа повеќе издиференцирани внатрешни движења, кои во себе содржат драгоцени индивидуални вредности. Кај македонските уметници постои природна надареност за добар цртеж, за складност на бои и композициски односи. Потребно е подобро совладување на техничко-технолошката изведба, постигнување на занатска чистота, компонента што е мошне битна во модерниот графички израз. А токму тоа се на пат да го постигнат неколкумина македонски уметници школувани на академиите за ликовна и применета уметност во Белград, Загреб и Љубљана: Крмов, Малиданов, Биков, Гавровски и други кои се вклучуваат во ликовниот живот кон крајот на VII деценија а интензивно дејствуваат во VIII, посветувајќи ѝ се речиси исцело на графиката. Кон нив последниве години се приклучуваат и најмладите: Трајче Димчевски, Билјана Унковска и др.

Кон графиката повремено се свртуваат и повеќе сликари: Перчинков, Чемерски, Шемов, Темкова, Кондовски, Франговски, Геговски, Димитар Кочевски, Владо Георгиевски, Жарко Јакимовски, Павле Кузмановски и други, како и скулпторите: Насо Беќаровски и Драган Поповски — Дада. Со својата стилска разновидност и богатство на идеи тие на свој начин допринесуваат за севкупниот развој на македонската графика. Најмногу ја употребуваат техниката на сито-печатот. Последниве години македонските графичари ги прошируваат своите видици, го изострувaат своето графичко чувство, смело се впуштаат во најновите токови на југословенското и светското графичко творештво. Со настапот на младите графичари посмело се истражува, се експериментира, се напуштаат принципите за класична чистота на графичкиот израз заснован на контрастите на црно-белото што го овозможуваат дрворезот и линорезот, или пак нежните, меки, скоро пиктурални премини од црно-сиво кон бело што ги нуди литографијата, сувата игла или другите класични техники. Новата содржина на денешното живеење бара и нови изразни средства и нови техники. Се измислува една нова графичка категорија — комбинирана техника а во последно време и многуупотребуваната техника на сито-печат. Тие овозможуваат користење на нови ефекти и поголема слобода во обработката на матрицата, како и можност за вадење на поголем број графички отисоци. Со развитокот на графичките техники, бојата, која порано мошне претпазливо се нанесуваше обично во два до три тона, сега обимно се користи. Ако порано спротивностите на црно-белото и на правите и кривите линии беа суштинските елементи на графичкиот израз, самиот по себе доста тен да ја изрази идејата и пораката на уметникот, сега бојата ја збогатува идејата на црно-белото и на графиката ѝ дава покомплетен израз. Се разбира тука не треба да се претерува со користењето на бојата, потребно е да се запази одре-

ден критериум, како би се запазил и графичкиот израз. Доаѓа до комплетно испреплетување на ликовните елементи помеѓу сликарството и графиката (со внесувањето на бојата) и помеѓу скулптурата и графиката (со внесувањето на релјефност во длабокиот печат). Графиката добива нова димензија. Се напушта и класичната организација на композицијата, содржинската компонента само навидум станува второстепена. А всушност се бара само нов современ израз за мотиви кои со векови се користеле во ликовната уметност: нашиот природен пејзаж, потретот, мртвата природа, предмети од светот на фолклорот. Кон нив сега се додаваат и нови содржини што ги создаде нашево време, поврзани со душевните состојби на современиот човек и со неговиот неспокој, со урбанизираниот пејзаж, со динамиката создадена од напредокот на техниката и механизацијата, со вселенските истражувања и тн.

Во естетско-стилските изрази на нашите графичари повремено се чувствува одредено влијание на некои југословенски уметници, особено во почетните остварувања, најчесто како користење на искуства во текот на студиите од своите професори. На моменти се чувствуваат извесни влијанија во ликовната постапка на Белградскиот ликовен круг (Карановиќ, Келиќ, Величковиќ, на љубљанската графичка школа а особено од Ордан Петлевски, чие творештво е нераскинливо поврзано со нашето тло и покрај тоа што живее и дејствува во друга средина. Но секој уметник е посебен свет за себе и своите индивидуални креаивни можности ги изразува на свој неповторлив начин. Тешко е да се направи одредена шема по која би можеле да се систематизираат графичките изрази на македонските уметници, ниту е таа некому потребна. Но заради прегледност на севкупната проблематика можат да се одбележат некои стилски изрази кои се присутни во македонското графичко творештво и кон кои поедини уметници во одредени фази на својот развиток се доближуваат.

Поединечни мотиви од светот на природата се претвораат во знаци и симболи, линијата се стилизира, површините се геометризираат и се нанесуваат јасни и чисти бои. Многу често уметниците се опседнати од структурата на нашиот предел, од таинственоста на неговото секогаш различно ткиво. Тие доаѓаат до нови сознанија за неговото постоење и вечно менување. Кај најмладите се забележува стремеж за обновата на фигурата, за создавање на нова фигуративна експресија која оди до хипер-реализам. Во таа смисла е направен и овој редослед на искажувања за поедини автори.

Мошне често уметниците во графиката се изразуваат преку апстрактниот начин и апстрактно-асоцијативниот со елементи на енформел и структурализам.

Еден добар дел од целокупниот творечки опус на РИСТО КАЛЧЕВСКИ (1933) му припаѓа на графиката, која досега не ја излагал на изложби. Таа опфаќа повеќе графички дела во различни техники: од 1950 година кога ги прави првите обиди на АЛУ во Љубљана сè до 1973, а најмногу во периодот кога работи како ликовен педагог на Графичкиот отсек во УПУ во Скопје. Постојано експериментира, особено последните години во техника на сито-печат. Композициски неговите графики се поврзуваат со сликарските остварувања и преку нив може да се следи развитокот и на сликарската постапка. Тоа се всушност апстрактни пејзажи, градени со комбинација на широки јарко обоени површини и минузиозно обработени фрагменти, во кои се чувствува структурата на пределот. Во целина согледани, будат асоцијации за предели видени од височина, како исечоци од кората на земјата пренесени на графичкиот лист. Тие се поставени во слободно разрешена композиција ослободена од класичната организација. Калчевски експериментира и со пиктурални ефекти. Еден цртеж варира во различни бои, кој со примената на друга боја добива поголема пластичност и друга димензија.

Меѓу најплодните графичари во VIII деценија во Македонија е ТОМИСЛАВ КРМОВ (1938). Работи само графики, присутен е речиси на сите графички изложби во Македонија од своето дипломирање на АПУ во Белград во 1967 година, застапуван на повеќе изложби на современата југословенска графика (Графички колектив, Белград, загрепските изложби на современата југословенска графика, Ликовните средби во Суботица) и во странство, добитник на неколку награди за графика. Ја користи комбинираната техника а во последно време и литографијата во боја која му овозможува посуптилен израз. Во своите навидум апстрактни графики Крмов тргнува од конкретното и видливото во природата и светот во неа, за да создаде композиција слободно организирана. Создава една компактна целина во композицијата со спротивставувањето на еднобојни површини исполнети со интензивно комплементарни бои поставени едно до друго и ликовно изнијансирана структура на одделни фрагменти, во кои вметнува секвенци од реалниот свет на денешното наше живеење. Ликовната култура на Крмов, стекната на Академијата, градена со ентузијазам и упорност во повеќегодишно творечко дејствување резултура со евидентна занатска перфекција на неговиот графички израз, особено во последните литографии.

ДРАГАН БИКОВ (1933) е исто ориентиран само кон графиката која доследно и континуирано ја негува. Присутен е на сите графички изложби во Македонија, застапуван на југословенски изложби и во странство. Работи во комбинирана технкиа, во која со експериментирање на места постигнува ефекти блиски до акватинтата. Со интервенции на самата матрица добива немирна и зрнеста структура која на површината на неговите графики ѝ дава тактилни вредности, со што се доближува до осварувањата во структуралното сликарство и енформелот. Изградува композиција ослободена комплетно од традиционалниот начин на компонирање. Неговиот графички израз е апстрактен. Само понекогаш се насетува визуелното што го создава немирната и релјефна структура како асоцијација за структурата на македонскиот планински и стеновит предел. Тематската определност е насочена кон содржини што третираат некои емоционални расположби, опсервации за човековата интима, желба да се досегне нешто возбудливо, таинствено и неочекувано.

ОРДАН МАНЕВСКИ (1936), со солидна техничка изведба во техника на сито-печат создава апстрактно,асоцијативни форми сместени во простор кој е ограничен, но од кој збиднувањето во композицијата излегува од одредените рамки. Содржинската компонента на неговата графика создава асоцијации за движење во просторот, со нагласена ритмика и со интерес за обработка на струкурата на материјата во поедини партии.

ЈОВАН ПЕТРОВ (1936), покрај примарната ориентација кон сликарството, конзервацијата и реставрацијата, повремено се занимава и со графики во комбинирана техника, кои ги излагал на неколку мајски изложби. Интересот на Петров кон графиката доаѓа како логично продолжување на неговото долгогодишно работење на изворниот цртеж како самостојна ликовна дисциплина. Во основата на неговите графики се наоѓа цртежот изведен со алтернација на тенки со пошироко врежани испрекинати линии. Во графиката пренесува свое согледување и индивидуална ликовна интерпретација на светот што го окружувал за време на долгогодишните археолошки ископувања низ Македонија: структурата на земјата, остатоците од нашата материјална култура, околние пејзажи, старите стебла и сл. Овие мотиви кај Петров ги среќаваме како

фрагменти во често геометриски организираната композиција, расчленета на повеќе хоризонтални површини.

ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ (1950), еден од најмладите македонски графичари кој дејствува како таков само неколку години, но успеа да се афирмира и во рамките на југословенската графика. Добитник е на награда за графика на Ликовните средби во Суботица 1975. Заинтересиран за возбудливото и неочекуваното што го нуди експериментот во техника на сито-печат со претходни интервенции врз самата матрица постигнува ефекти иманентни на дрворезот и линорезот. Во почетокот тргнува од природата и нејзините конкретни форми, за да ги елеминира постепено деталите и изгради апстрактна композиција. Во неа асоцијацијата за пределот се насетува само како далечен призвук. Повеќе е заинтересиран за организацијата на композицијата, за распоредот на површините и за нивната колористичка усклađеност. Во последните графики внесува сè повеќе колористички вредности, но со одреден критериум за нивната примена запазувајќи ги при тоа суштинските елементи на графичкиот израз.

СТАВРЕ АВРАМОВСКИ (1943) во сито-печат транспонира форми од органско потекло во апстрактно организирана композиција.

Во доменот на геометриската апстракција, одразена во графиката дејствуваат неколку уметници.

ДУШАН ПЕРЧИНКОВ (1939), покрај значајниот сликарски опус веќе подолго време работи и графики во сито-печат, каде има постигнати значајни резултати (награда на II триенале во Битола 1975 и на мајските изложби во Скопје 1976 и 1977), застапен со графики на XII биенале во Љубљана како единствен претставник од Македонија, на изложбата на југословенската секција на АИКА во Сараево и Белград 1978 и др.

Графичкиот израз на Перчинков ја следи креативната постапка на неговото сликарство, во кој појдовен мотив е нашиот природен и урбан пејзаж. Во почетокот со мошне суптилен колорит пределот го сведува на повеќе стилизирани и геометризирани партии, во кои асиметрично варира елементи преземени пак од предметното и препознатливото во природата (копи, цветови и сл.). Во циклусот графики „Мотив од предградие" варира во повеќе колористички нијанси ист или сличен мотив со асиметрично распоредени копи во просторот. Во циклусот „Шума" композицијата ја поделува на повеќе компартименти во кои се сместени апстрактно-асоцијативни форми на шумски предели со интензивен колорит.

АНГЕЛ ГАВРОВСКИ (1942), исто така подолго време работи скоро исклучително графика во повеќе техники: линорез, акватинта и бакропис, а последниве години и во сито-печат. Содржинската компонента во неговите графики е свртена кон ентериерот, природниот и градскиот пејзаж, во кој фигурата постепено ја елиминира. Неговите пејзажи се изградени од геометризирани површини во кои експресијата ја постигнува со контрастите на светло-темното, со нагласени линеарни елементи, а во акватинтата постигнува и суптилни премини во организацијата на површините сместени во композицијата.

ДИМИТАР КОНДОВСКИ (1927) за графиката се заинтересира во последниве години и со свои графички листови во техника на бакропис се појави на IX мајска изложба и на Триеналето во Битола 1978. Симетрично распоредени кружни елементи, како фрагменти компактно се вклопени во стилизирана композиција и потсеќаваат на неговото сликарство, свртено кон традицијата и нашата стара уметност.

СТЕВАН ВАСИЛЕВСКИ (1932) во своите линорези изградува со комбинација на кружни и хоризонтално геометризирани површини многу поедноставени апстрактни композиции.

ВИОЛЕТА ГРАНКА ЧАУЛЕ (1947), покрај со сликарство последниве години се занимава и со графика во техника на сито-печат. Направи неколку апстрактни композиции во кои со игра на кружни и геометризирани ликовни елементи создава чудни имагинативни претстави.

Обновената фигурација во разновидни варијанти ја среќаваме кај повеќе наши уметници со индивидуален креативен и содржински третман.

ДИМИТАР МАЛИДАНОВ (1946) уште за време на студиите на Академијата во Љубљана (графика учел кај професорот Маријан Погачник) пројави интерес за графичкиот израз, а особено на литографијата. Ориентиран предимно кон графиката, негувајќи повеќе графички техники со солидна техничка изведба, Малиданов го среќаваме речиси на сите графички изложби во Македонија а често беше застапуван и на изложбите на современата југословенска графика. Имаше самостојна изложба со Биков во Скопје 1974, во Париз 1977 и др. Од експресивна фигурација во почетокот инспирирана од ликовите на нашата подалечна историја (циклус од дрворези и акватинти со самуилови гласници, млади воини и сл.) во последниве години преминува кон создавање на послободно разрешена организација на композицијата. Со придушен и топол колорит Малиданов ги изградува своите графики во кои како содржинска компонента најчесто се присутни реминисценции за нашата стара култура, за сакралната архитектура, иконографијата на ѕидното сликарство, црквените предмети и реликвии. Тие како исечоци се вклопени во слободно изградена композиција која најчесто има триптихална форма во која се присутни и фрагментарни претстави на нашиот предел, (циклус од неколку графики „Сеќавање"). Во последните дела се свртува кон посовремена тематика.

МЕНДЕ ИВАНОВСКИ (1929) со монотипии се појавуваше уште на првите графички изложби во VI деценија. Сегашните негови монотипии и формално и содржински се поврзуваат со неговата сликарска постапка. Го разрабоува проблемот на просторот и организацијата на ликовните елементи во композицијата. Поедини делови фрагментарно транспонирани се преземени од нашето средновековно ѕидно сликарство и старата архитектура, вклопени во асиметрично разрешена композиција со нагласена структура во обарботката на материјата, врз која патината на времето оставила траги.

Немирна уметничка природа, секогаш во барање на нови сознанија ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ (1940) го пренесува и во графиките своето сликарство. Со нагласени линеаризми во обликувањето на експресивните фигури Чемерски создава драматични композиции.

Сосема спротивна е постапката на АНА ТЕМКОВА (1943) која во своите мртви природи, ентериери, стара архитектура внесува атмосфера на поетичност, романтичност интимност, со чист графички израз ослободена од детализирање и со суптилен колорит.

СИМОН ШЕМОВ (1941) со нешто посмирена колористичка гама и со поедноставен цртеж и во графиката пренесува мотиви од својот циклус „Детски игри", каде реминисценциите од детството ги сведува на симболи и асоцијативни претстави

ВЛАДИМИР ГЕОРГИЕВСКИ (1942) со одличен цртеж изведен со тенки линии и сигурен потег во циклусот „Старци" во комбинирана техника варира неколку слични мотиви со робусни снажни фигури кои фасцинираат со својот експресивен израз.

ЖАРКО ЈАКИМОВСКИ (1948) како посебен ликовен израз го негува изворниот цртеж кој во последно време го пренесува и во графиката. Во своите креативни истражувања тргнува од компликуваната содржина на органскиот свет. Со

сигурен потег инспиративно ги обликува своите колку конкретни толку и неопределени форми сместени во чудните простори на авторовата имагинација.

ЗОРАН ЛАЗАРЕВСКИ (1949) од апстрактно-асоцијативните форми кои потсеќаа на знаци и симболи на последната мајска изложба се појави со графики во сито-печат изведени со интензивен колорит и со стилизирани форми на актови сместени во геометриски разрешена композиција.

ДИМИТАР КОЧЕВСКИ-МИЧО (1943) и во графиката се изразува преку фигурата, која ја поставува во неодредени и имагинарни простори. Со играта на линеарните елементи внесува ритам и раздвиженост во композицијата.

НОВЕ ФРАНГОВСКИ (1939) последниве години почна да прави графики во техника на акватинта. Наоѓајќи се помеѓу геометриската апстракција и новата фигурација и користејќи ги искуствата и на двете насоки Франговски пренесува секвенци од животот на современиот човек вграден во стегите на урбаниот простор.

КИРИЛ ГЕГОСКИ (1944) во различни графички техники (комбинирана и дрворез) континуирано ја пренесува силуетата на човечката фигура и мотиви со мошне поедноставени предели кои како проекција се одразуваат врз супилно изградената структура на површината.

БИЛЈАНА УНКОВСКА (1952) сè уште се наоѓа на постдипломски студии на Академијата во Љубљана, каде веќе стекнала одредени искусва во графичките техники. Во сува игла и бакропис реализира неколку варијанти на легендата за Икар со современ графички израз, во кој постигнува фини црно-сиви валери во третманот на материјата.

ПАВЛЕ КУЗМАНОВСКИ (1939) со реалистички пристап ги гради своите портрети. Се наоѓа на релациите на мошне реална фигуративност повремено свртувајќи се кон содржини во кои симболите и знаците линеарно предадени се доминантни.

ДАНИЦА МИХАЈЛОВА-МАРКОВСКА (1947) која заврши на Академијата за ликовни уметности во Загреб, досега не сме имале можности поопстојно да ја согледаме. Во техника на бакропис има направено неколку графички листови во кои е заинтересирана за транспонирањето на класичните форми на акот, со црно-бели ефекти и игра на линии.

КОСТАДИН ТАНЧЕВ-ДИНКА (1940) подолго време е креативно ангажиран на ликовно обликување во доменот на средствата за визуелни комуникации. Работи и графики кои само еднаш ги излагаше на VIII мајска изложба во 1977 година. Во сито печат со филмска фолија, со експериментирање и креативни интервенции во претходната постапка создава ефекти што се блиски до психоделичното сликарство.

ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ (1924) мошне плоден сликар, истовремено заинтересиран и за други ликовни дисциплини, се обидува и во графиката. Од 1969 година во сито-печат има направено неколку графички листови (печатени во Загреб). И во графиките Наумовски пренесува дел од својот специфичен свет на фантастиката, на сонот и имагинацијата, со форми што лебдеат во просторот и што будат асоцијации за нивното растително и органско потекло.

Во графиките на поедини автори — скулптори откриваме елементи карактеристични за соодветната скулптура, односно третирање на структурата на маеријата во која авторите ја изведуваат својата пластика.

НАСО БЕЌАРОВСКИ (1938) графички ги транспонира со едноставна постапка своите цврсти извиени скулпторални форми или пак на белината на графичкиот лист поставува повеќе скулпторски елементи, со примена на суптилен сиво-виолетов тоналитет, преку кој се чувствува сјајот на металот, во кој Беќаровски ги изведува своите скулптури. Ја разбива дводимензионалноста на графичкиот лист и создава илузија за постоењето на формата во просторот.

ДРАГАН ПОПОВСКИ-ДАДА (1933) во литографиите пренесува ритмички обликувани пластични форми и со црно-бело-сиви односи го испитува взаемниот однос на волуменот во просторот и ритамот на тој волумен графички транспониран. Во бакрописите од 1977 внесува своевидна симболика со повеќе фигури, плошно поставени, со упростен цртеж, кои стилски се поврзуваат со неговите скултури од почетниот период.

Во Куманово дејствуваат повремено занимавајќи се со графика и Момчило Аврамовски (1935), како и младиот графичар Зоран Јакимовски (1953), На последното Триенале на графиката во Битола се појавија со свои графики и неколкумина млади уметници: Илија Кочовски (1945), Боге Димовски (1952) и Димче Николов (1953) кои веројатно ќе продолжат да го развиваат интересот за овој израз.

Повеќето од спомнатите автори во последниве години ги направија своите први обиди во графиката така што е тешко само од неколку графички листа со кои се појавија на графичките изложби да се согледаат комплексно нивните креативни потенцијали. Со досегашните реализации навестуваат идни покреативни и нови изрази.

*
*    *

Се надевам дека овој мој текст ќе послужи како прилог за натамошното проучување на оваа мошне обемна ликовна дисциплина во современата македонска уметност. Сигурно се направени и пропусти кои поради комплексноста на материјата и ограниченоста на времето не сум можела да ги согледам. Графичкото творештво на Македонија за само три децении на своето постоење се осведочи како ликовна креативна постапка и стана составен дел на севкупната југословенска графичка мисла.
Особено младите графичари ветуваат натамошен подем.

Забелешка:
Во текстот не се спомнати неколкумина познати југословенски графичари: Ордан Петлевски, Цветан Димовски, Илија Костов, Боро Ињовски, Глигор Саздовски и др., кои се по потекло Македонци, но живеат и дејствуваат во други места вон од нашата Република. Тие често биле присутни на групни графички изложби и на самостојни изложби организирани во Македонија.

X-та јубилејна изложба на графики и по креативните вредности и по усовршената техничка изведба кај некои уметници и по бројот на учесниците ги надмина претходните изложби. Со тоа, уште еднаш се потврдува мислата дека современата македонска графика се наоѓа во постојан креативен растеж. За прв пат на едно место се среќаваме со така голем број македонски уметници со графички дела. Некои исцело (Биков, Крмов, Малиданов, Димчевски, Струмениковски, Филиповски, Гавровски и др.) други повеќе или помалку (покрај примарната ориентација кон сликарството или скулптурата) стануваат поклоници на графичкиот израз. На годинеш-

нава изложба со постари дела се појавува само Ѓоко Крстевски, кој излага две свои графики од циклусот линорези со апстрактно-асоцијативна определба. Сите останати дела се создадени во последнава година, така што изложбата претставува речиси целосен преглед на најновите настојувања во современата македонска графика. Крмов и Миладинов во последно време посебно внимание ѝ посветуваат на литографијата Користејќи ги можностите што таа ги пружа за создавање на суптилни тонски премини ,Крмов создава своевидни апстрактно-асоцијативни претстави за пределот во диптихална форма. Малиданов овој пат се свртува кон пејзажот. Со ефектите на црно-белото и сивото, графички ја транспонира во слободно организирана композиција специфичната конфигурација на теренот во некои наши предели.

Гавровски покрај интересот за урбаниот простор разрешен во геометриски организирана композиција излага и предел во имагинарен простор во кој ритмички ги распоредува апстрактно-асоцијативните форми. Филиповски покрај мотиви со стара архитектура пројавува интерес и за графичко пренесување на предмети со фолклорно-етнолошки белези во декоративна композиција.

Биков и Димчевски се задржуваат на досега искажаниот израз на слободна организација на ликовните елементи во композиција, во која се чувствува мошне далечна асоцијација за структурата на нашиот предел. Нови графики, но со веќе познати резултаи во графичкиот израз, и по формално-стилската и по содржинската определба излагаат: Наумовски, Шемов, Темкова, Георгиевски, Јакимовски, Перчинков, Гегоски, Чауле, Струмениковски, Ивановски Менде, Кузмановски, Најчесто ја користат техниката на сито-печатот и се забележува сè попрофесионален однос во смисла на техничката изведба на графичките листови.

Други уметници со експериментирање се заложуваат за нешто поинаков пристап во реализацијата на своите ликовни идеи: Насо Беќаровски, на својата скулпторална форма графички транспонирана, ѝ додава поконкретна содржинска компонента со фриз на фрагментарни претстави за нашето денешно живеење и урбани простори. Драган Попоски на графичкиот лист експериментира со повеќе скулпторски елементи и го проучува нивниот меѓусебен однос во просторот. Стеван Василевски со контрасти на црното и црвената боја изградува, во техника на линорез, симплифициран имагинарен предел на слободни форми во просторто.
Васил Костов својата порака ја изразува преку фигуративна насоченост во која сега се присутни и одредени симболи што ја надополнуваат основната идеја на неговата содржина.
ЃОРЃИ ЧУЛАКОВСКИ-ЃОКО (1947) иако прв пат се појавува, ни презентира графики во техника на акватинта со солидна техничка изведба и со апстрактно-асоцијативна определба во транскрипцијата на пределот.
НОВЕ ФРАНГОВСКИ (1939) постојано заинтересиран за транспонирањето н ачовечката фигура во урбаниот простор, сега се појавува за прв пат на изложба, иако подолго време работи на графиката.
ДАНЧО ОРДЕВ (1945) кој беше забележан со своите сликарски остварувања на последните изложби на ДЛУМ се обидува и во графиката. Во композиција со слободни форми сместени во неограничен простор внесува ритмика со ефекти постигната со дијагонално усмерена игра на ликовните елементи.
ДОНЕ МИЉАНОВСКИ (1941) подолго време работи на таписеријата, за која претходно изработува скици. Сега го прави и својот прв обид во графиката да ги пренесе своите неодредени форми во просторот со лирско-асоцијативни претстави кои создаваат далечни асоцијации за елементи преземени од средновековната иконографија.
ТАНЕ АТАНАСОВСКИ-ГАРСКИ (1938) во сито-печат се обидува графички да ги изрази преокупациите во своето апстрактно ориентирано сликарство во кое, последниве години, се појавуваат и симплифицирани претстави на фигури во простор.
АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ-КАРАДАРЕ (1943) со тенки линии и полу-сенки на сива основа пренесува дел од својот фигуративно искажан свет кој во последно време го применува и во скулптурата и во цртежот, задржувајќи го вниманието на експресијата на изразот.

Љубица ДАМЈАНОВСКА

Им се заблагодарувам на уметниците: Димче Протугер, Борко Лазески, Љубодраг Маринковиќ-Пенкин, Ванчо Ѓорѓиевски, Ристо Калчевски, Драгутин Аврамовски, Менче Спировска, Иван Велков, Ѓоко Крстевски, Радмило Поповски, Боро Крстевски, Нико Този. Како и на Фанче Лозанска, кои ми помогнаа за комплетирање и документирање на материјалот преку разговори и евоцирање на сеќавања за активностите во графичкиот живот на Македонија, и им овозможија да ги погледам нивните први графички дела.



## ЉУБИЦА ДАМЈАНОВСКА

Родена е во Ресен 1930. Дипломирала на Филозофскиот факултет — Група историја на уметност во Белград 1953, кај професор Светозар Радојчиќ.

Адреса: Булевар Крсте Мисирков бр. 61/III Скопје

После неколку години педагошка дејност во Прилеп, работи како кустос во Музејот на современата уметност во Скопје од 1964 како раководител на Одделението за постојаната поставка, уметнички збирки и депои.

Од 1973 година е виши кустос.

Член е на Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ и на Друштвото на музеалците на СРМ — Скопје.

Студиски престој: Франција, ЧССР, СССР и др.

Покрај основната музеолошка дејност во збирките на музејот, учествувала во подготовките на сите изложби од колекциите на музејот. Самостојно организирала повеќе изложби на македонски уметници: самостојни изложби на Стефан Маневски, Нове Франговски. Ретроспективни изложби на Димче Коцо, Вангел Коџоман, Љубомир Белогарски.

